РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1868/4
03-09-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 38-та седница одржана на 31.08.2026 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-1868/1 од 04.05.2026 година, оформен по доставена пријава за наводи за сомневање за незаконитости во постапка за именување на именување на ВД Директор на ООУ “----” – с. ---- од Градоначалникот на општина ----, Општина ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот. За предметниот случај постапил друг надлежен орган, кој не утврдил неправилности.

Предметот со бр.12-1868/1 од 04.05.2026 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 04.05.2026 година, поднесена е пријава за наводи за сомневање за незаконитости во постапка за именување на именување на ВД Директор на ООУ “----” – с. ---- (понатаму:Училиште) од Градоначалникот на општина ---- (понатаму: Градоначалник) и оформен е предмет бр. 12-1868/1 од 04.05.2026 година.

Подносителот во пријавата укажува на наводи за сомневање за злоупотреба на службена должност од страна на Градоначалникот, којшто на ден 01.04.2026

година го именувал лицето ----, наставник по математика за вд Директор на Училиштето. Истото било спротивно на член 118 став 1 и 2 од Законот за основно образование, бидејќи истиот не поседувал уверение за положен испит за директор и немал потврда за положен испит за еден од четирите јазици не постара од пет години. Дополнително, во училиштето наставникот по информатика, лицето ---- ги исполнувал условите за Директор и истовремено немал депонирано изјава дека несакал да биде вд Директор.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Државниот просветен инспекторат (понатаму: ДПИ).

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:
ДПИ, извршил вонреден инспекциски надзор и составил Записник за извршен вонреден инспекциски надзор, заведен под ИП1 бр. ---- од ---- година.
Согласно наведеното во Записнокот, во училиштето немало вработен кој ги исполнува условите за директор, со оглед на тоа дека лицето ---- кој бил на функцијата директор доставил писмена оставка од функцијата директор заведена под арх. бр. ---- од ---- година до Градоначалникот. Градоначалникот донел Одлука арх. бр. ---- година, Училишниот одбор да објави јавен оглас за директор на училиштето. ДПИ не утврдил неправилности во работењето на субјектот на надзор.

*Според член 118 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019, 229/2020, 3/2025, 74/2025, 250/2025, 250/2025 и 111/2026), по исключок од ставот (1) на овој член, ако во основното училиште нема вработено лице кое ги исполнува условите за стекнато уверение за положен испит за директор на основно училиште и/или нема потврда за положен испит по еден од четирите јазици (англиски, француски, германски и италијански), не постара од пет години, може да се именува и друго лице од редот на вработените во основното училиште.*

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот, односно за предметниот случај постапил друг надлежен орган, кој не утврдил неправилности во постапката која е завршена и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник

Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор

Одобрил: З.Б Член на ДКСК

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut